**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-240
12.07. **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 100 став 1 од истиот Закон, точка 5 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2551/1 од 20.06.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-2749/5 од 12.07.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 22-та седница одржана на 11.07.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво (РТД) МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во програмскиот сервис од 6-ти јуни 2023 г., емитуван на државно ниво, РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје во неколку реални часови го надмина лимитот за рекламирање од 12 минути на еден реален час.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по рекламен блок, реален час од – до, период на емитување (почеток, крај и времетраење), надминат лимит за рекламирање и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2551/1 од 20.06.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 100 став 1 од ЗАВМУ, времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на радиодифузерите, освен за јавниот радиодифузен сервис, не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 20-ти јуни 2023 г., изврши редовен, програмски надзор (мониторинг) на радиопрограмскиот сервис на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6-ти јуни 2023 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 100 став 1 од ЗАВМУ. Имено, со надзорот е констатирано дека во програмскиот сервис од 6-ти јуни 2023 г., РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје во неколку реални часови го надмина дозволениот лимит од 12 минути рекламирање на еден реален час.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по рекламен блок, реален час од – до, период на емитување (почеток, крај и времетраење), надминат лимит за рекламирање и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2551/1 од 20.06.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје на 23.06.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-2551/2 од 23.06.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2551/1 од 20.06.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 27.06.2023 година. Во предвидениот рок, РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 11.07.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 100 став 1 од истиот Закон, точка 5 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2551/1 од 20.06.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-2749/5 од 12.07.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 11.07.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје и му се наложува, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2551/1 од 20.06.2023 г.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Управителот на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 јуни 2023 година;

20.06.2023
10 2551 1

5. **Предмет на надзорот:**

- **Членовите 53, 54, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз радискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6 јуни 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*времетраењето*

*на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на трговските радиодифузни друштва не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час).*

Во програмскиот сервис од 6 јуни 2023 година, Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје во неколку реални часови го надмина дозволениот лимит од 12 минути рекламирање на еден реален час.

06.06.2023 г.

| Рекламен блок | Реален час од - до | Период на емитување | | | Надминат лимит за рекламирање |
|---|---|---|---|---|---|
| | | почеток | крај | времетраење | |
| Рекламен блок | 08 до 09 часот | 08:00:00 | 08:03:53 | 00:03:53 | 14 мин. 01 сек. |
| | | 08:07:07 | 08:09:29 | 00:02:22 | |
| | | 08:23:49 | 08:24:40 | 00:00:51 | |
| | | 08:27:31 | 08:29:05 | 00:01:34 | |
| | | 08:33:34 | 08:36:14 | 00:02:40 | |
| | | 08:53:52 | 08:56:33 | 00:02:41 | |
| Рекламен блок | од 10 до 11 часот | 10:02:36 | 10:02:59 | 00:00:23 | 12 мин. 58 сек. |
| | | 10:03:17 | 10:03:33 | 00:00:16 | |
| | | 10:08:00 | 10:09:19 | 00:01:19 | |
| | | 10:10:25 | 10:13:02 | 00:02:37 | |
| | | 10:20:49 | 10:21:15 | 00:00:26 | |
| | | 10:27:26 | 10:28:48 | 00:01:22 | |
| | | 10:31:39 | 10:32:35 | 00:00:56 | |
| | | 10:36:10 | 10:38:31 | 00:02:21 | |
| | | 10:43:23 | 10:43:48 | 00:00:25 | |
| | | 10:53:30 | 10:55:54 | 00:02:24 | |
| | | 10:59:26 | 10:59:55 | 00:00:29 | |
| Рекламен блок | 11 до 12 часот | 11:00:27 | 11:00:58 | 00:00:31 | 14 мин. 39 сек. |
| | | 11:02:49 | 11:03:13 | 00:00:24 | |
| | | 11:03:31 | 11:03:58 | 00:00:27 | |
| | | 11:08:32 | 11:11:49 | 00:03:17 | |
| | | 11:13:15 | 11:14:40 | 00:01:25 | |
| | | 11:31:59 | 11:32:58 | 00:00:59 | |
| | | 11:35:47 | 11:37:27 | 00:01:40 | |
| | | 11:40:10 | 11:43:31 | 00:03:21 | |
| | | 11:44:56 | 11:45:00 | 00:00:04 | |
| | | 11:54:11 | 11:56:11 | 00:02:00 | |
| | | 11:59:26 | 11:59:57 | 00:00:31 | |
| Рекламен | 15 до 16 | 15:00:37 | 15:01:13 | 00:00:36 | 16 мин. 13 сек. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| блок | часот | 15:03:50 | 15:04:15 | 00:00:25 | |
| | | 15:04:36 | 15:04:49 | 00:00:13 | |
| | | 15:08:07 | 15:10:51 | 00:02:44 | |
| | | 15:11:48 | 15:14:23 | 00:02:35 | |
| | | 15:28:16 | 15:31:38 | 00:03:22 | |
| | | 15:34:25 | 15:37:02 | 00:02:37 | |
| | | 15:39:18 | 15:41:36 | 00:02:18 | |
| | | 15:55:18 | 15:56:11 | 00:00:53 | |
| | | 15:59:29 | 15:59:59 | 00:00:30 | |
| Рекламен блок | 17 до 18 часот | 17:00:33 | 17:01:04 | 00:00:31 | 15 мин. 13 сек. |
| | | 17:03:30 | 17:03:54 | 00:00:24 | |
| | | 17:04:12 | 17:04:40 | 00:00:28 | |
| | | 17:07:33 | 17:10:56 | 00:03:23 | |
| | | 17:11:56 | 17:14:33 | 00:02:37 | |
| | | 17:19:13 | 17:19:28 | 00:00:15 | |
| | | 17:22:24 | 17:25:07 | 00:02:43 | |
| | | 17:30:19 | 17:30:41 | 00:00:22 | |
| | | 17:31:13 | 17:33:41 | 00:02:28 | |
| | | 17:44:14 | 17:44:28 | 00:00:14 | |
| | | 17:52:06 | 17:52:18 | 00:00:12 | |
| | | 17:58:23 | 17:59:59 | 00:01:36 | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во програмскиот сервис од 6 јуни 2023 година, емитуван на државно ниво, Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје во неколку реални часови го надмина лимитот за рекламирање од 12 минути на еден реален час.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, и согласно со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи – во рок од 10 (десет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не

постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*